**ЗАПИСНИК**
**од прво продолжение на 26-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржано на 19.07.2022 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, д-р Методија Јанчески.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** м-р Алма Машовиќ (годишен одмор).

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба преку видео конференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, Горан Радуновиќ, м-р Емилија Петреска Камењарова, м-р Владимир Ѓорѓиески, м-р Арбен Саити, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски го отвори првото продолжение на 26-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Г-дин Петрушевски најави дека г-ѓа Машовиќ е на годишен одмор во странство. Објасни дека пред 2-3 часа телефонски се слушнале и во тој момент имала интернет и претпостави дека сега има технички проблем. Во однос на Дневниот ред рече дека ќе се разгледува Точката 5 - Предлог за изменување и дополнување на Правилникот за формата и содржината на службената легитимација на овластеното лице за вршење на стручен надзор и начинот на нејзиното издавање и одземање, која беше одложена.

Г-дин Трајчевски објасни дека измената на предложениот Правилник е во насока на усогласување со неколку Закони кои имаа измени изминатиот период. Забелешка на заменик претседателот на Советот г-дин Ајдини дека делот од службената легитимација преведен на албански јазик не е соодветен, се направија консултации со Агенцијата за примена на јазикот на РСМ и се констатира дека забелешките на г-дин Ајдини биле во ред. Сега легитимацијата е коригирана и се предлага во оваа нова форма да биде усвоена.

Советот на Агенцијата едногласно, со 5 гласа „за“ го донесе Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за формата и содржината на службената легитимација на овластеното лице за вршење на стручен надзор и начинот на нејзиното издавање и одземање, со текст како што беше предложен.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изработи пречистен текст на горенаведениот подзаконски акт.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот горенаведениот Правилник да го објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Агенцијата.

**Бр. 02-2732/10**

**27.07.2022 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**